**Конкурс за филмови направени од деца и млади**

Филмското училиште „Тинтири Минтири“ објавува  конкурс за филмови направени од деца и млади на возраст од 10 до 18 години.

Темата на филмовите е слободна. Филмовите можат да бидат направени во било која техника (играно дејство, анимација, комбинација на повеќе техники)

Филмовите треба да бидат со времетраење од најмногу 10 минути.

Содржината на филмовите не смее да вклучува насилство и недоличен речник.

Краен рок за пријавување 01.05.2015.

Избраните филмови ќе бидат прикажани на големото филмско платно во рамки на меѓународниот филмски фестивал „Тинтири Минтири Филм Фест“ кој ќе се одржи во јуни 2016 година.

Сите пријавени филмови кои ги исполнуваат критериумите на овој конкурс ќе добијат сертификати за своите филмови.

Изработените филмови можат да се пријават на еден од следните начини:

- со испраќање на филмот на УСБ или ДВД на обична пошта на адресата ул. Даме Груев бр. 7, канцеларија број 5, Скопје, Република Македонија (со назнака „За Тинтири Минтири Филм Фест“)
- на и-мејл адресата kc.tintirimintir@gmail.com
- со лична достава на материјалите на адреса на ул. Даме Груев бр. 7, канцеларија број 5.

Задолжително е потребно секој автор да ги испрати и следните податоци на нашата и-мејл адреса kc.tintirimintiri@gmail.com:

Име и презиме на автор на филм
Возраст
Име на филм
Времетраење на филм
Адреса
Училиште
Тим вклучен во реализација на филмот (да се наведе доколку има ментор)
Контакт телефон и и-мејл адреса на автор на филм
Контакт телефон и и-мејл адреса на родител / наставник (ментор)

Повеќе информации на телефонот 078 30 21 61 и на веб страната www.tintirimintiri.mk.